РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-737/13
28.02.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК

## од 8-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 24.02.2025 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, д-р Методија Јанчески, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:/**

**На седницата беше присутен и д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, м-р Емилија Јаневска, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот, Лазо Петрушевски ја отвори 8-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 11:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала, втор кат.

Г-дин Петрушевски објасни дека под Точка Разно ќе бидат додадени уште три точки и тоа: Покренување на постапка за одземање на дозволата за радио емитување на РАДИО РЕД ФМ заради прекршување на член 80 став 5 од ЗААВМУ и две точки за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на РА Галакси и РА Џез ФМ, поради тоа што го платиле надоместокот во дополнителниот рок.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот дополнет:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 7-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 18.02.2025 година.
2. Извештај за Годишна сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024 година со Предлог-одлука за усвојување на годишната сметка.
3. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово, за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ.
4. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово, за прекршување на член 14 од Законот за медиуми.

5. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар, за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетни лица.
6. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар, за прекршување на член 92 став 1 од ЗААВМУ.
7. Предлог-правилник за изменување и дополнување на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
8. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка– услуга: Превентивно и адаптивно одржување на интегриран софтвер за правно, финансиско и економско работење.
9. Предлог за давање одобрување за донесување на одлука за набавка на услуга: градежно – занаетчиски работи со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавните набавки.
10. Разно.

10.1 Покренување на постапка за одземање на дозволата за радио емитување на РАДИО РЕД ФМ поради прекршување на член 80, став 5 од ЗААВМУ.

10.2 Запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на РА Галакси поради плаќање на надоместокот во дополнителниот рок.

10.3 Запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на РА Џез ФМ поради плаќање на надоместокот во дополнителниот рок.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа предложениот записник од 7-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 18.02.2025 година.

Раководителката на Секторот за програмски работи, м-р Емилија Јаневска, изнесе техничка забелешка во врска со Точка 4. Таа појасни дека при одговарањето на прашањето поставено од г-дин Ајдини, помошник раководителката на Секторот за програмски работи ненамерно направила превид. Во тој контекст, предложи заменување на формулацијата „до 20 ноември истата година“ со „во рок од 20 дена од денот на приемот на Решението“.

Советот на Агенцијата со корекцијата од раководителката Јаневска, со 5 гласа „за“ и еден воздржан глас од г-дин Јанчески го усвои предложениот Записник од 7-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 18.02.2025 година.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи Извештајот за Годишна сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024 година со Предлог-одлука за усвојување на годишната сметка. Објасни дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно Законот за сметководство за непрофитни организации, ја доставува Годишната сметка за 2024 година, најдоцна до 28 февруари во тековната година. Вкупно остварените приходи во 2024 година изнесуваат 136.610.658,00 денари. Најголем дел од овие приходи односно 75.309.086,00 денари што преставува 55,13% од вкупните приходи, се за финансирање на радиодифузната дејност од Буџетот на РСМ. Со законските измени кои стапија во сила на 28 јули 2023 година, почнувајќи од месец август 2023 година, од Буџетот на РСМ требаше да се издвојуваат средства за финансирање на радиодифузната дејност во висина од 1% од реализираните даночни приходи утврдени во последната донесена завршна сметка на Буџетот на Република Северна Македонија, од кои 5% се наменети за финансирање на Агенцијата. При крајот на 2024 годината, бидејќи Агенцијата поднесе и тужба против Министерството за информатичко општество и администрација, односно сега Министерство за дигитална трансформација заради тоа што не ја почитуваше законската обврска за исплата на точно утврдената сума на средства согласно измените на ЗААВМУ, на крајот на декември 2024 година, се исплатени 3.685.270,00 денари како доплата за 2023 година и износ од 5.950.163,00 денари како доплата за 2024 година. Исто така беше уплатен во целост износот кој го побаруваше Агенцијата за судска такса односно заради економско вештачење заради утврдување на висината на средствата што ги должи Министерството кон Агенцијата. Потоа приходи од Буџетот за изборните активности кои се одвиваа во 2024-та година (парламентарни и претседателски избори) во износ од 4.197.302,00 денари. Од дозволите за вршење радиодифузна дејност се остварени вкупни приходи од 45.577.501,00 денари, додека од надзорот за реемитување на програмски сервиси и аудиовизуелни медиумски услуги по барање се остварени приходи од 10.422.602,00 денари. Останатите приходи се остварени од транзитни фактури во износ од 858.310,00 денари, други приходи во износ од 244.301,00 денари и од позитивни курсни разлики во износ од 1.556,00 денари. Вкупните реализираните расходи во 2024-та година изнесуваат 128.669.018,00 денари. Најголеми расходи се за исплата на бруто плати на вработените во Стручната служба, во износ од 68.745.073,00 денари што преставува 53,42% од вкупните расходи. Други поголеми расходи се однесуваат на надоместоци за членовите на Советот на Агенцијата во износ од 11.759.574,00 денари, за сервисирање и одржување на средствата на Агенцијата во износ од 8.568.893,00 денари, расходи за потрошена електрична и топлинска енергија во износ од 3.749.190,00 денари, за набавка на опрема и откуп на лиценци и други права се потрошени средства во износ од 6.687.949,00 денари и расходи за ангажирање на надворешни соработници преку Агенција за привремени вработувања, за ангажирање на биро за преведување, за одржување на хигиената во деловните простории износ од 7.878.262,00 денари. Вкупно остварените приходи во 2024 година се поголеми за 7.941.640,00 денари во однос на вкупно реализираните расходи. Вкупните побарувања на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според годишната сметка за 2024-та година изнесуваат 3.250.117,00 денари и во најголем дел се однесуваат на издадени фактури во минати години. Вкупните обврски кои ги има Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги кон доверителите според годишната сметка за 2024-та година изнесуваат 1.923.831,00 денари. Овие долгови се однесуваат за недоспеани

обврски кои се платени во месец јануари 2025-та година. Сметководствената вредност на основните средства во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на крајот на 2024-та година изнесува 288.061.322,00,00 денари. Во наредната 2024 година, ќе бидат пренесени средства во вкупен износ од 135.364.075,00 денари.

Советот на Агенцијата го прифати Извештајот за годишна сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024 година бр.05-740/1 од 20.02.2025 година и едногласно донесе Одлука за усвојување на Годишната сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024 година.

Согласно член 19 од Законот за сметководството за непрофитните организации, Годишната сметка се доставува до Управата за јавни приходи и до Регистарот на годишни сметки при Централниот регистар до крајот на месец февруари наредната година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точки 3 и 4**

Г-дин Петрушевски предложи за Точка 3 и Точка 4 да се даде заеднички вовед, бидејќи и во двата случаи станува збор за ист медиум. Потоа, секој предлог за изрекување мерка да се стави на поединечно гласање.

Раководителката на Секторот за програмски работи, м-р Емилија Јаневска, ги образложи предлозите за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово поради прекршување на член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ) и член 14 од Законот за медиуми. Таа појасни дека прекршувањата кај овој медиум биле констатирани преку контролни административни надзори спроведени на 28 јануари 2025 година. Радиодифузерот претходно бил санкциониран на седницата одржана на 26 декември 2024 година, кога му биле изречени мерки за непочитување на наведените членови од законите, со рок за усогласување од 20 дена од денот на приемот на Решението. Со контролниот административен надзор во јануари било утврдено дека радиодифузерот не постапил по изречените мерки, односно повторно биле констатирани истите прекршувања. Членот 51 став 1 од ЗААВМУ се однесува на обврската на радиодифузерот да ги направи достапни информациите за корисниците на лесен, директен и постојан начин, додека членот 14 од Законот за медиуми се однесува на обврската за објавување на импресум, односно информации за учесниците во производството на конкретните програми. Со оглед на тоа што истите прекршувања повторно се евидентирани, се предлага повторно да се изречат мерки јавна опомена, во согласност со Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата, со утврден рок на усогласување од 20 дена од денот на приемот на Решението. По истекот на рокот, ќе биде спроведен дополнителен контролен надзор за да се утврди дали радиодифузерот постапил по изречените мерки.

*<u>Гласање по Точка 3</u>*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен административен надзор, бр.10-557/1 од 04.02.2025 година и едногласно заключи на ТРД ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово, да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на

член 51 став 1 од ЗААВМУ, затоа што на 28 јануари 2025 година не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 4*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен административен надзор, бр.10-558/1 од 04.02.2025 година и едногласно заклучи на ТРД ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово, да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 14 од Законот за медиуми, затоа што на 28 јануари 2025 година, не ги објави податоците за импресум на снимката од фестивалот на албанските песни и ора, на снимката од одржаната манифестација по повод поставувањето на трите букви на УЧК во с.Тануша и на снимката од одржаната манифестација по повод Денот на албанската азбука.

Во согласност со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точки 5 и 6**

Г-дин Петрушевски предложи за Точка 5 и Точка 6 да се даде заеднички вовед, бидејќи и во двата случаи станува збор за ист медиум. Потоа, секој предлог за изрекување мерка да се стави на поединечно гласање.

Раководителката на Секторот за програмски работи, м-р Емилија Јаневска, ги образложи предлозите за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар поради прекршување на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ), членовите 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетни лица, како и член 92 став 1 од ЗААВМУ. Таа појасни дека на седницата одржана на 26 декември 2024 година, на овој радиодифузер му биле изречени две мерки за констатирани прекршувања утврдени со програмски надзор. Првата мерка се однесувала на непочитување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и членовите 16, 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетни лица, додека втората мерка била за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ, кој се однесува на обврската за емитување македонски аудиовизуелни дела. Радиодифузерот добил рок за усогласување од 20 дена од денот на приемот на Решението по двата основи. Контролниот програмски надзор извршен на 27 јануари 2025 година покажал дека радиодифузерот делумно постапил по двете изречени мерки. Во однос на прекршувањата на член 50 став 3 од ЗААВМУ и членовите 16, 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетни лица, било утврдено дека радиодифузерот ја отстранил повредата на член 16, кој се однесува на временски периоди за категориите програми. Сепак, продолжил со прекршување на членовите 20 и 21 од Правилникот, кои се однесуваат на изгледот и начинот на аплицирање на предупредувачката сигнализација. Анализата покажала дека во повеќе содржини емитувани на денот на надзорот, радиодифузерот користел неправилна предупредувачка сигнализација, која не е во согласност со Правилникот. Во однос на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ, било констатирано дека радиодифузерот ја отстранил повредата поврзана со процентот на македонски аудиовизуелни дела во периодот од 07:00 до 19:00 часот. Меѓутоа, не ја отстранил повредата во однос на дневниот процент на македонски аудиовизуелни дела. Наместо законски пропишаните 30% на дневно ниво, на денот на надзорот биле емитувани 22,88%, што претставува недостиг од 1 час, 28 минути и 11 секунди македонски аудиовизуелни содржини. Поради овие причини, согласно Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата, се предлага повторно изрекување на мерки јавна опомена по двата основи, со рок за усогласување од 20 дена од денот на приемот на решението. По истекот на овој рок, ќе биде спроведен дополнителен контролен надзор за утврдување на усогласеноста со законските обврски.

*__Гласање по Точка 5__*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор, бр.10-563/1 од 05.02.2025г. и едногласно заклучи на ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетните лица, затоа што на 27 јануари 2025 година, пред емитувањето на повеќе програми од прва, втора и четврта категорија беше употребена неправилна предупредувачка сигнализација за заштита на малолетните лица, што не е пропишана во Правилникот.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022г., му се наложи во рок од 20 дена од денот на приемот на Решението да го

усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 6*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор, бр.10-569/1 од 06.02.2025г. и едногласно заклучи на ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар, да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 92 став 1 од ЗААВМУ, затоа што на 27 јануари 2025 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022г., му се наложи во рок од 20 дена (дваесет) од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 7**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлог-правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Тој објасни дека со предложените измени во Правилникот се вметнуваат Претседателот на Советот, неговиот заменик и членовите на Советот, со исти коефициенти какви што во моментов имаат актуелните членови на Советот. Разликата е во тоа што новите членови кои ќе бидат избрани ќе имаат професионален ангажман во Агенцијата, со полно работно време во редовен работен однос. Сите останати измени во Правилникот се целосно во насока на усогласување со член 12 став 4 од ЗААВМУ, како и со Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Северна Македонија.

Г-дин Петрушевски изрази резерви во врска со предложените измени, истакнувајќи дека уште при донесувањето на Законот јавно укажал дека ваквото решение нема да функционира и дека може да се појават проблеми во работата на стручната служба, бидејќи покрај директорот на Агенцијата, и седумте членови на Советот би можеле да се однесуваат како да им се раководни лица на вработените. Секако, тоа зависи од капацитетот на идните членови, меѓутоа сепак постои висок ризик од проблеми во однос на хиерархијата. Тој посочи дека моментално Агенцијата исплаќа надоместок на сегашните членови на Советот и покрива 10% персонален данок за секој од нив. Со новите измени, Агенцијата ќе финансира 50% повеќе средства во однос на сегашниот модел, што значи станува збор за значителни финансиски импликации, и неразбирливо е зошто законодавецот донел вакво решение. Осврнувајќи се на членот кој предвидува дека членовите на Советот можат да имаат до четири просечни плати, тој истакна дека тоа се однесува на нето износот кој произлегува од бруто плата, што доведува до значителни трошоци. Дополнително, изрази сомнеж што сегашните членови на Советот носат Правилник што ќе важи за нивните наследници, но директорот појасни дека Правилникот треба да се донесе навреме. Иако би можело да се протолкува како субјективна одлука, г-дин Петрушевски смета дека финансиските средства предвидени со измените се високи и дека лично би ги намалил. Во однос на надоместокот за користење на приватен автомобил за службени цели, изрази согласност, велејќи дека тоа е поприфатливо во споредба со висината на слични надоместоци кај пратениците, а нема забелешки и за исплатата на испратнина при заминување во пензија. Во однос на надоместокот за годишен одмор, побара појаснување од директорот дали овој надоместок е еквивалентен на К-15, на што доби потврден одговор. Што се однесува до правото на надоместок поради одвоен живот во висина до 30% од просечната нето месечна плата, тоа не му изгледа логично бидејќи предложените членови на Советот се водат како да се од Скопје, а истото се однесува и на надоместокот за селидбени трошоци. Надоместокот на трошоците за погреб е предвиден во висина од две просечни месечни нето плати на членот на Советот, додека за вработените во Агенцијата истиот изнесува две просечни плати, што може да претставува дискриминација. Најголемата забелешка се однесува на зголемената финансиска оптовареност на Агенцијата како резултат на сите овие измени. На крај, побара да го чуе мислењето на останатите членови на Советот во врска со предложените измени на Правилникот, по што ќе донесе одлука за своето гласање.

Г-дин Фиданоски изрази целосно разбирање за добрата намера на дискусијата. Тој појасни дека целта на денешното гласање е да се направи потребната подготовка за доаѓањето на новиот состав на Советот. Исто така, нагласи дека е сигурен оти предлогот подготвен од Стручната служба е целосно законски усогласен, и како членови на Советот, нивна обврска е да го почитуваат Законот. За да избегне можни погрешни интерпретации, реши да се воздржи од дополнителни коментари и истакна дека за него предложениот текст е прифатлив во формата во која е подготвен.

Г-дин Трајчев истакна дека членовите на Советот не треба да навлегуваат во прашањето за месечниот надоместок, бидејќи тоа е определено од законодавецот и не е во нивна надлежност. Во однос на самиот предлог, изрази принципиелна забелешка дали актуелниот состав на Советот, кој е во заминување, треба да го уредува ова прашање за идните членови, или дали е покоректно да се остави на новиот состав самостојно да го донесе Правилникот. Според него, поисправно би било идните членови на Советот самите да ја регулираат оваа материја.

Г-дин Трајчевски објасни дека ставот на Агенцијата и на вработените е изразен во предложениот Правилник, кој во суштина останува идентичен во однос на досегашниот начин на исплата на надоместоците на членовите на Советот, со таа разлика што сега тие ќе добиваат плата наместо надоместок. Во однос на дилемата што ја изрази г-дин Трајчев, нагласи дека Правилникот требаше да биде донесен уште во јануари 2019 година, кога беше изменет Законот. Сепак, бидејќи тогаш немаше актуелен конкурс за избор на нови членови на Советот, ниту во фаза на реализација, ниту во најава – не беше донесен. Тој истакна дека Советот, без разлика дали е во стар или нов состав, има законска обврска да ја усвои измената на овој Правилник. Дали и кога ќе се примени – за еден, два, три или повеќе месеци, останува неизвесно. Правилникот ќе се применува единствено кога ќе бидат избрани новите членови на Советот.

Г-дин Петрушевски изјави дека ги сослушал мислењата на Советот, особено поради својата дилема. Од дискусијата заклучил дека мнозинството, вклучувајќи го директорот, службата и дел од Советот, сметаат дека не треба да се навлегува во одредувањето на коефициентите. Поради тоа, одлучи да се воздржи од предлогот што првично имал намера да го даде и ќе го поддржи Правилникот во предложената форма. Сепак, искрено останува на ставот дека коефициентите требаше да бидат намалени барем за 10%.

Г-дин Фиданоски постави прашање дали, со оглед дека Правилникот ќе се применува за новиот состав на Советот, тоа треба да биде прецизирано во последниот член 10. На ова му беше одговорено дека нема потреба од дополнително прецизирање.

Советот на Агенцијата со 5 гласа и еден воздржан од г-дин Трајчев го усвои Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со текст како што беше предложен.

Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да се објави на огласната табла на Агенцијата.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изработи пречистен текст на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 8**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, Цветанка Митревска, го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за услуга: Превентивно и адаптивно одржување на интегриран софтвер за правно, финансиско и економско работење. Таа појасни дека оваа постапка е предвидена во Годишниот план за јавни набавки, а средствата за неа се предвидени во Финансискиот план за 2025 година на Агенцијата. Станува збор за специфична набавка, која ќе се спроведува со постапка за преговарање без објавување оглас, согласно член 55 став 1 точка в) алинеја 3 од Законот за јавни набавки, што е дозволено кога се работи за заштита на ексклузивни права. Во 2015 година, Агенцијата извршила набавка на софтвер од одреден економски оператор, при што изворниот код

останал во сопственост на тој оператор. Софтверот е се уште во активна употреба во Агенцијата, па затоа е потребно да се обезбеди одржување на истиот. Согласно Законот за јавни набавки, Агенцијата обезбеди одобрение од Бирото за јавни набавки дека се исполнети условите за спроведување на оваа постапка. Сите останати детали за оваа постапка се доставени во материјалите по точката.

Г-дин Петрушевски рече дека проценетата вредност е релативно ниска за овој вид услуга.

Г-дин Трајчев потсети дека во минатите години имаше дискусија околу потребата да се развие сопствен софтвер или да се користи туѓ софтвер. Постави прашање, бидејќи поминало време од тогаш, дали постои потреба од нова анализа или дали важи претходната анализа, која покажала дека на тој начин, со користење на туѓ софтвер, е економски поисплатлива опција.

Раководителот на Секторот за финансии и логистика, Горан Радуновиќ, објасни дека софтверот е во целосна употреба и дека секоја година се прилагодува со законските измени. Во однос на анализата, тој појасни дека доколку се набави софтвер со сопствен код, тоа ќе биде поскапо и ќе биде потребно да се вработи дополнителен вработен за управување со софтверот, бидејќи Агенцијата има голем број на трансакции секоја година. Исто така, софтверот треба редовно да се адаптира на новите законски измени што можат да настанат.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Превентивно и адаптивно одржување на интегриран софтвер за правно, финансиско и економско работење.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот: Превентивно и адаптивно одржување на интегриран софтвер за правно, финансиско и економско работење, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2025 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-5321/1 од 27.12.2024 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025-та година.

**Точка 9**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за давање одобрување за донесување на одлука за набавка на услуга: градежно – занаетчиски работи со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавни набавки. Објасни дека оваа набавка се однесува на прилагодување на канцеларии за новите членови на Советот.

Г-дин Трајчев праша принципиелно за што точно ќе гласа Советот, односно за која одлука. Доколку е за Одлуката која е во материјалите, истакна дека таму е ставена избрана компанија, но не разбира зошто упорно се ставаат компании, бидејќи Советот гласа само за одобрување на спроведување на постапката во рамки на Законот. Понатаму, додаде дека службите треба да ја спроведат постапката, да обезбедат минимум три понуди, што е нивно право и одговорност.

Г-дин Петрушевски објасни дека Советот на Агенцијата дава одобрување на директорот за да ја спроведе набавката. Согласно Законот, за секое трошење на пари, Советот треба да даде одобрување на директорот.

Раководителката на Секторот за поддршка на работата на Директорот и Советот – Шеф на кабинет, м-р Драгица Љубевска, објасни дека Советот не ја гласа Одлуката. Јасно е наведено во предлогот што го дава директорот до Советот дека се бара да се даде одобрување на директорот да донесе Одлука за набавка на услуга: градежно – занаетчиски работи, и притоа не е наведена ниедна фирма.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување директорот на Агенцијата да донесе Одлука за набавка на услуга: градежно – занаетчиски работи во објектот, со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавните набавки, во износ од 58,679.00 без ДДВ денари без вклучен ДДВ (69.241,00 денари со вклучен ДДВ).

За реализирање на горенаведената услуга средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025-та година.

**Точка 10**

**Разно**

10.1 Раководителот на Секторот за финансии и логистика Горан Радуновиќ го образложи предлогот за покренување на постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО РЕД ФМ ДООЕЛ Тетово. Објасни дека надоместокот требаше да го плати заклучно со 20-ти февруари 2025 година. Бидејќи не извршил уплата во законски предвидениот рок се предлага покренување на постапка.

Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО РЕД ФМ ДООЕЛ Тетово, Уп1 бр.08-133 од 07.09.2023 година, поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2025-100-0069 од 10.01.2025 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата за радио емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО РЕД ФМ ДООЕЛ Тетово, Уп1 бр.08-133 од 07.09.2023 година, поради прекршување на член 80 став 5 од ЗААВМУ.

10.2-10.3 Г-дин Трајчевски ги образложи предлозите за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД ЏЕЗ ФМ ДООЕЛ Скопје и ТРД ГАЛАКСИ – 2002 ДООЕЛ Кавадарци. Информираше дека за време на седницата направил увид во сметката на Агенцијата и констатирал дека нема уплати од други радиодифузери, освен од двата наведени. За нив е започната постапка, но во меѓувреме извршиле уплата и од таа причина се предлага да се донесе Решение за запирање на постапката. За сите останати радиодифузери за кои што е започната постапка, крајниот рок е до 28 февруари, по што Советот ќе треба да донесе Одлуки за одземање на дозволата или решенија за запирање на постапката.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво ЏЕЗ ФМ ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-83 од 07.09.2023 година.

Согласно Известувањето за извршена уплата бр.05-665/2 од 21.02.2025г., ТРД ЏЕЗ ФМ ДООЕЛ Скопје, годишниот надоместок за дозволата за радио емитување го плати во целост, според доставената ф-ра бр.2025-100-0039 од 10.01.2025 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво ГАЛАКСИ – 2002 ДООЕЛ Кавадарци, Уп1 бр.08-100 од 07.09.2023 година.

Согласно Известувањето за извршена уплата бр.05-666/2 од 21.02.2025г., ТРД ГАЛАКСИ – 2002 ДООЕЛ Кавадарци, годишниот надоместок за дозволата за радио емитување го плати во целост, според доставената ф-ра бр.2025-100-0048 од 10.01.2025 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**